РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 203/4
21.05. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 21.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 322/2 | 0 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 60 седница одржана на 04.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Одделенска настава“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1.Се акредитира студиската програма „Одделенска настава“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и академски назив: Дипломиран професор по Одделенска настава /во меѓународен промет, академски назив: Bachelor of Elementary Education.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.03 Воспитание и образование, Научно – истражувачка област: 5.03.00.01 - Одделенска настава, 5.03.00.02 – Дидактика, 5.03.00.03 – Методика, 5.03.00.04 – Андрагогија, 5.03.00.05 - Методологија на педагошките истражувања, 5.03.00.06 - Статистика на Одделенска наставата , 5.03.00.07 - Образовен менаџмент, 5.03.00.08 - ОртоОдделенска настава 5.03.00.09 – Логопедија, 5.03.00.10 - Специјална едукација и рехабитализација, 5.03.00.11 - Образование на наставници, 5.03.00.12 – Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08-331/5 од 27.01.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Одделенска настава“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-322/1 од 27.01.2026 година (наш бр. 08 – 203/1 од 28.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 203/3 од 11.05.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 60-та седница одржана на 04.05.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков

[1] 03-322/2 [2026]